Република Македонија
И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев
именуван за подрачјето
на Основните судови
Кочани,Берово,Делчево и Виница
ул. Маршал Тито бр.54/2
тел. 033-277-007

Образец бр.51

И.бр.1644/15

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Евица Петровска преку пол.адв.Тања Јованова** од Кочани со живеалиште на ул.Никола Вапцаров бр.8, засновано на извршната исправа ВПП1-5/2012 од 30.04.2013 на Основен суд Виница, против должникот **ДПТТЗУ,,НЛ АГРО ИНВЕСТ,,ДОО Виница** од Виница со седиште на ул.,,Маршал Тито,,бр.75, за спроведување на извршување во вредност 1.229.100,00 ден., на ден 10.10.2017 година го донесува следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА

(врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) Сл.весник на РМ бр.35/2005,50/2006,129/2006,8/2008,83/2009,50/2010,83/2010,88/2010,171/2010,148/2011 и 187/2013) (согласно чл.265 од ЗИ(Сл.весник на РМ бр.72 од 12.04.2016година))

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТРЕТА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како Недвижен Имот запишан во Имотен лист бр.7314 при ДЗГР-сектор/ одделение за премер и катастар во Град Виница со дел на недвижност 2/3 со следните ознаки:

Лист: ''Б''

- КП. бр. 9632, м.в. М.Тито, култура дм во површина од 161 м2, сосопственост
- КП. бр. 9632, м.в. М.Тито, култура зпз 1, во површина од 78 м2, сосопственост

Лист: ''В''

- КП. бр. 9632, м.в. М.Тито бр.75, бр. на зграда 1,намена на зграда А1,влез 1,кат ПР,намена на посебен дел од зграда ДП, внатрешна површина 36м2,сосопственост
- КП. бр. 9632, м.в. М.Тито бр.75, бр. на зграда 1,намена на зграда А1,влез 2,кат 1, број 2, намена на посебен дел од зграда СТ, внатрешна површина 63м2,сосопственост
- КП. бр. 9632, м.в. М.Тито бр.75, бр. на зграда 1,намена на зграда А1,влез 2,кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда СТ, внатрешна површина 29м2, Сосопственост на должникот ДПТТЗУ,,НЛ АГРО ИНВЕСТ,,ДОО Виница од Виница со седиште на ул.,,Маршал Тито,,бр.75

Продажбата ќе се одржи на ден 02.11.2017 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев,ул.Маршал Тито бр.54/2,Кочани.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок И.бр.1644/15 од 24.02.2016 година на Извршителот Славе Дончев,а намалена на предлог на доверителот согласно ЗИ изнесува 26.082.оо евра во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРМ на денот на продажбата, како почетна цена за продажба на недвижноста под која недвижностите не може да се продадат на третото јавно наддавање. Недвижноста е оптоварена со товари и службености-залог во корист на доверителот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Заклучокот за продажба, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330 ,

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање:Дневен весник Нова Македонија.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
(потпис и печат)

Д.-на: Доверител, должник, орган на управа, дневен весник, архива

ИЗВРШИТЕЛ СЛАВЕ ДОНЧЕВ